MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

Сектор за еднакви можности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 17-253/1
12-01-2026 20 год. / viti

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Скопје, декември 2025 година


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Врз основа на член 10 став (7) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 39/25), член 5 од Одлуката за формирање на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република на Северна Македонија бр.166/25" ), Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, на седницата одржана на 29.12.2025 година донесе

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се уредува внатрешната организација и начинот на работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст: Интер-ресорската група) правата и должностите на координаторот и членовите, како и други прашања од значење за работењето на Интер ресорската група

Член 2

Интер-ресорската група е формирана со одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) бр. 50-5593/12 од 05.08.2025 година[1] и решение на Владата бр. 50-5593/14 од 19.08.2025 година[2].

Член 3

(1) Седиштето на Интер-ресорската група е во Скопје, во зградата на Министерството за социјална политика , демографија и млади , ул. Даме Груев бр.14.

(2) Интер-ресорската група нема свој печат и штембил. Актите и службената кореспонденција на Интер-ресорската група се заверуваат во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, со печат и штембил на Министерството.

[1] Одлука за формирање на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.166/25)

[2] Решение за именување на членови на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.175/2025)


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Член 4

(1) Интер ресорската група ги има следните задачи:

- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи процесот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
- да учествува и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост;
- да ги следи периодичните извештаи од институциите.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНТЕР-РЕСОРСКАТА ГРУПА

Член 5

(1) Интер-ресорската група е составена од 25 члена, претставници на државни институции, единици на локална самоуправа, здруженија, синдикати, здруженија на работодавачи, независни експерти и тоа двајца членови Министерството за социјална политика, демографија и млади и по еден член од: - Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија и труд, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за јавна администрација, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за спорт, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Заедница на единиците на локалната самоуправа, Македонско женско лоби, Женска граѓанска иницијатива Антико, Организација на работодавачи на Македонија, Платформа за родова еднаквост, Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија и експерт за родова еднаквост.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

(2) Координатор на Интер-ресорската група е член од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## 1. Координатор на Интер-ресорската група

Член 6

Координаторот на Интер-ресорската група:

1) ја претставува и раководи со работата на Интер-ресорската група;
2) свикува седници на Интер-ресорската група и претседава со нив;
3) ги потпишува актите што ги донесува Интер-ресорската група и се грижи за нивното спроведување;
4) покренува иницијативи за измена и дополнување на постоечката законска регулатива од аспект на еднаквите можности помеѓу жените и мажите и недискриминацијата;
5) ја промовира работата на Интер ресорската група во јавноста;
6) се грижи за промовирање на концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции преку разгледување на програмите, стратешките документи и буџетите на јавните институции и испраќање на предлози за нивно подобрување од аспект на родовата еднаквост;
7) ги насочува активностите на Интер-ресорската група во целина и на нејзините членови во интеграцијата на концептот за вклучување на родовите аспекти во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
8) обезбедува координација во следењето на прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
9) дава насоки во процесот на подготовка и имплементација на Стратегијата за родова еднаквост и акцискиот план за родова еднаквост;
10) остварува соработка со претставници на работните тела за родова еднаквост на други држави и со претставници на меѓународни организации;
11) презема мерки во случај на неспроведување на заклучоците на Интер-ресорската група, неспроведување на заклучоците, известување на надлежните институции за проблемите при спроведувањето, состаноци и слични мерки во надлежност на Интерресорската група;
12) ги следи периодичните извештаи од институциите и се грижи за подготовка и поднесување на годишен извештај за работа на Интер-ресорската група до Владата;


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

13) одлучува за одржување на состаноци и советувања во врска со разгледување на прашања во надлежност на Интер-ресорската група;
14) врши и други работи во согласност со овој деловник.

## 2. Членови на Интер-ресорската група

Член 7

(1) Членовите на Интер-ресорската група имаат право и должност:
1) редовно да присуствуваат на седниците и активно да учествуваат во работата на Интер-ресорската група;
2) да предлагаат расправа за разгледување на прашања од надлежност на Интер-ресорската група;
3) да учествуваат во расправата и да утврдуват ставови по прашања за кои се расправа на седници на Интер-ресорската група;
4) да учествуваат во подготовката на Програма за работа на Интер ресорската група;
5) да ги информираат надлежните во институцијата што ја претставуваат за заклучоците на Интер-ресорската група и да обезбедат повратна информација за Интересорската група за нивно спроведување во рамки на институцијата која ја претставуваат;
6) на барање на Интер-ресорската група доставуваат информации за работата по одредено прашање од областа на родовата еднаквост во Република Македонија од надлежност на институцијата што ја претставуваат;
7) обезбедуваат информации и предлагаат мерки за унапредување на имплементацијата на законската регулатива и стратешките документи од областа на еднаквите можности и недискриминацијата во рамки на надлежностите на институцијата од која доаѓаат;
8) да се грижат за интеграција на концептот за вклучување на родовите аспекти во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
9) да го следат прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања и да предлагаат соодветни усогласувања на националното законодавство;
10) да учествуваат во процесот на подготовка и имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, ги разгледуваат извештаите од мониторингот и евалуацијата на стартегијата и предлагаат мерки за унапредување на имплементацијата;


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

11) да покренуваат иницијативи за унапредување на методот на работа на Интер-ресорската група;
12) да покренуваат иницијативи за вклучување на родовата перспектива во закони и други стратешки документи;
13) да покренуваат иницијативи за подготовка и донесување на нови закони и стратешки документи
14) даваат препораки на органите на законодавната, и извршната власт за воведување на позитивни мерки во областите каде постои нееднакво учество на жените и мажите или нееднаков статус на лицата од едниот пол;
15) да ги следат периодичните извештаи на институциите, да учествуваат во подготовка на извештајот на Интерресорската група и да предлагаат мерки на подобра имплементација на ЗЕММЖ и останати закони и политики поврзани со родовата еднаквост;
16) да учествуваат во вршењето на други работи од надлежност на Интер-ресорската група во согласно со овој деловник и заклучоците на Интер-ресорската група.

Член 8

(1) Кога од оправдани причини координаторот на Интер-ресорската група е спречен да присуствува на седница на Интер-ресорската група, со седницата претседава член на Интер-ресорската група што тој ќе го определи.

(2) Членот на Интер-ресорската група кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Интер-ресорската група е должен најдоцна во рок од 5 дена да го извести координаторот на Интер-ресорската група за присуство на неговиот заменик или своето мислење и предлозите по материјалите што се на дневниот ред на седницата да ги достави до координаторот на Интер-ресорската група писмено, пред почетокот на седницата.

(3) Секоја институција која именува член на Интер-ресорската група определува и заменик-член, кој учествува во работата и присуствува на седниците во случај на оправдана спреченост на членот, со исти права и обврски.

((4) Доколку член на Интер-ресорската група три пати по ред неоправдано отсуствува од седниците, ќе се достави барање до надлежната институција за негово заменување со нов член.

(4) На предлог на членовите, со Одлука на Интер-ресорската група се определуваат замениците на членови кои присуствуваат на седниците во случај на спреченост на членовите на Интер-ресорската група.

Член 9


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Членот на Интер-ресорската група има право и должност по овластување на координаторот на Интер-ресорската група, а во согласност со насоките и ставовите на Интер-ресорската група да ја претставува Интер-ресорската група во земјата и странство.

### 3. Секретар на Интер-ресорската група

Член 10

(1) Административно-техничките работи на Интер-ресорската група ги врши лице определено од Министерството за социјална политика, демографија и млади (во натамошниот текст: секретар на Интер-ресорската група).

(2) Секретарот на Интер-ресорската група:му помага на координаторот на Интер-ресорската група во подготвувањето и организирањето на седниците на Интер-ресорската група;

(3) ги доставува поканите и други материјали до членовите на Интер ресорската група

(4) води записник од седниците на Интер-ресорската група и го доставува до членовите на разгледување;

(5) се грижи за стручно-организационите прашања и за унапредување на работата на Интер-ресорската група;

(6) му помага на координаторот на Интер-ресорската група во спроведувањето на одредбите на овој деловник.

(7) на барање на координаторот и/или членовите на Интер-ресорската група обезбедува акти, извештаи, нацрт-закони, буџети и слични документи од институциите.

## III. НАЧИН НА РАБОТА НА ИНТЕР-РЕСОРСКАТА ГРУПА

### 1.Работни тела на Интер-ресорската група

Член 11

(1) За остварување на работите од својата надлежност Интер-ресорската група формира постојани и привремени работни тела

(2) Постојаните работни групи ја следат политиката по одделни прашања, даваат предлози и иницијативи за унапредување на еднаквите можности во дадените области и оствaруваат тесна комуникација со сите субјекти кои работат на еднаквите можности на жените и мажите.

(3)Постојани работни групи на Интер ресорската група се:


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- работна група за родово одговорно буџетирање;
- работна група за унапредување на политиките за родова еднаквост;
- работна група за економско јакнење на жените;
- работна група за родовата еднаквост и климатските промени;
- работна група за следење на имплементацијата на Истанбулската Конвенција;
- работна група за жени, мир и безбедност.

(4) Постојаните работни групи се формираат од страна на Интер ресорската група и со нив претседава член на Интер ресорската група.

(5) Привремените работни групи се формираат во врска со постапувањето по конкретни прашања или барања. Во секоја привремена работна група мора да има најмалку 5 члена на Интер ресорската група од кои еден е претседавач на работната група.

## 2. Доставување на материјали

Член 12

(1) Материјалите за седниците на Интер-ресорската група предлагачите ги доставуваат најдоцна пет дена пред денот на одржувањето на седницата на Интер-ресорската група на која треба да се разгледуваат.

(2) По исклучок, членовите можат да бараат одделни прашања да се стават на дневен ред на седницата на Интер-ресорската група и по нејзиното свикување, ако тие, според нивниот карактер се итни и не трпат одлагање. Во тој случај, предлагачот е должен материјалот, со посебно образложение, да го достави до Интер-ресорската група најдоцна три дена пред денот на одржувањето на седницата.

## 3. Свикување на седниците и утврдување на дневниот ред

Член 13

(1) Интер-ресорската група работи и одлучува за работите од својата надлежност на седници кои се одржуваат најмалку еднаш на секои четри месеци или по потреба.

(2) Седниците на Интер-ресорската група редовно ги свикува координаторот на Интер-ресорската група по сопствена иницијатива или по барање на членовите на Интер-ресорската група.

Член 14

Предлогот на дневниот ред за седница на Интер-ресорската група го утврдува координаторот на Интер-ресорската група.

Член 15

(1) Поканата за седница на Интер-ресорската група и предлогот на дневниот ред со материјалите предложени за дневниот ред се доставуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата по електронска пошта.

(2) По исклучок, во случај на итност, седницата на Интер-ресорската група може да се свика усно, телефонски или електронска пошта, без наведување на предлог на дневниот ред и без доставување на материјали.

## 4. Работа и одлучување на седниците на Интер-ресорската група

Член 16

(1) Интер-ресорската група може да расправа и одлучува кога на седницата се присутни повеќе од една третина од членовите на Интер-ресорската група.

(2) Координаторот на Интер-ресорската група ја отвора седницата.

(3) Интер-ресорската група по утврдување на дневниот ред на седницата, што го предлага координаторот на Интер-ресорската група, пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница на Интер-ресорската група.

(4) Членовите на Интер-ресорската група имаат право да дадат забелешки на записникот писмено пред седницата или усно на самата седница. По забелешките на записникот одлучува Интер-ресорската група.

(5) Записникот го потпишуваат координаторот и секретарот на Интер-ресорската група.

(6) Седниците на Интер-ресорската група може да се одржат и по електронски пат (онлајн). Онлајн седницата се оддржува на предлог на координаторот на Интер-ресорската група или член на Интер-ресорската група и доколку за тоа се согласат половина од членовите на Интер-ресорската група.

(7) Присуството на членовите на Интер-ресосрската група на седница одржана по електронски пат (онлајн) има исто правно дејство како и физичкото присуство на седница одржана со лично присуство.

Член 17

(1) Интер-ресорската група работи врз основа на утврдениот дневен ред.

(2) На почетокот на расправата по точките од дневниот ред предлагачот може да даде кратко усно образложение по материјалот.

(3) Координаторот на Интер-ресорската група може да предложи да се ограничи времетраењето на излагањето и дискусиите по одделни материјали.

Интер-ресорската група одлучува за ограничување на времетраењето на излагањето и дискусиите со мнозинство гласови од присутните членови.

(4) По завршување на расправата по секое прашање за кое е расправано на седницата, Интер-ресорската група донесува заклучоци. Заклучоците ги формулира координаторот на Интер-ресорската група.

(5) Интер-ресорската група одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

(6) Доколку седницата се одржува по електронски пат (онлајн), гласањето ќе се спроведе со Reply to all со мнозинство гласови од присутните членови .

Член 18

(1) На седниците на Интер ресорската група можат да се повикуваат претставници на институции, граѓански здруженија, синдикати и меѓународни организации , кои работат на прашања поврзани со темите кои се на дневен ред на седницата.

(2) Повиканите претставници имат право да учествуваат во расправата, но без право на глас.

**5. Записник**

Член 19

(1) На седницата на Интер-ресорската група се води записник.

(2) Записникот содржи: име на претседавачот на седницата, имињата на присутните и отсутните членови на Интер-ресорската група, утврден дневен ред на седницата, наводот за усвојување, односно изменување на записникот од претходната седница и заклучоци усвоени од Интер-ресорската група по одделните точки од дневниот ред, причините за одложените точки од дневниот ред со наведување на предлагачот за одлагање, време и место на одржувањето на седницата, како и други прашања за текот на работата на седницата на Интер-ресорската група.

(3) Секој член на Интер-ресорската група кој присуствувал на седницата, има право да бара корекција на неговите изјави и предлози.

(4) Записникот со предожените забелешки, Интер-ресорската група го усвојува на својата наредна седница.

(5) За водење на записникот и за чување на оригиналните записници од седниците на Интер-ресорската група се грижи секретарот на Интер-ресорската група.

**6. Информирање на јавноста**

Член 20

Годишните извештаи на Интер-ресорската група задолжително се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Членовите на Интер-ресорската група се грижат извештаите да се објават и на веб страниците на институциите или организациите кои ги претставуваат.
За важни прашања поврзани со родовата еднаквост или за промоција на активностите и иницијативите на Интер-ресорската група, истата испраќа соопштенија до јавноста и до медиумите и свикува прес-конференции.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите бр. 17-4784/1 од 07.07.2021 година.

Член 22

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. ________
12-01-2026 година
Скопје

КООРДИНАТОР
на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите
м-р Габриела Мацоска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk